**Известување за концентрација со која Јунајтед Груп Б.В. стекнува самостојна контрола над Кристал Алмонд Интермедиари Холдингс Лимитед односно целосна индиректна сопственост врз зависното друштво Винд Хелас Телекомуникејшнс (предмет бр. 08-107/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 30.09.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето самостојна контрола од страна на друштвото **Јунајтед Груп Б.В.**, со регистрирано седиште на адреса Спицалаан 41, 2132 ЈГ Хофдорп, Холандија над трговското друштво **Кристал Алмонд Интермедиари Холдингс Лимитед**, со регистрирано седиште на адреса Поштенски фах 119, Мартело Корт, Адмирал Парк, Сент Петер Порт, ГУ1 3ХБ Гернси, односно самостојна, индиректна сопственост врз зависното друштво на Кристал Алмонд Интермедиари Холдингс Лимитед, друштвото **Винд Хелас Телекомуникејшнс СА**, со регистрирано седиште на адреса 106 Атинон Аве., Атина, ПЦ. 104 42, Грција.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Јунајтед Груп Б.В.** е во крајна сопственост на фондови кои ги советува БЦ Партнерс ЛЛП, меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компанијата во која инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.
БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа, и
- Директ Медиа ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности.

**Кристал Алмонд Интермедиари Холдингс Лимитед** претставува друштво кое управува со грчкиот телекомуникациски оператор **Винд Хелас Телекомуникејшнс СА**, кој пружа услуги на:

- фиксна телефонија;
- мобилна телефонија;
- широкопојасен пристап до интернет; и
- дистрибуција на медиумски содржини, претежно на корисниците во Грција.

Имајќи ги во предвид главните деловни активности на Целното Друштво, Подносителот смета дека релевантните пазари на стоки би можеле да се дефинираат како:

- малопродажен пазар на обезбедување услуги на фиксна телефонија;
- малопродажен пазар на обезбедување на услуги на мобилна телефонија;
- малопродажен пазар на обезбедување услуги на широкопојасен пристап до интернет;
- малопродажен пазар на дистрибуција на медиумски содржини.

По однос на **географскиот опсег на пазарите** за предметната концентрација, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување**.**

08.10.2021 година, Скопје